АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕВОЗ



ANIMAL TRANSPORT GUIDES

European Commission

AWF ANIMAL WELFARE FOUNDATION

Почитувани,

Пред Вас ја имате првата информативна брошура во Република Македонија од областа на заштитата и благосостојбата на животните за време на превоз. Ова е со цел да се помогне во процесот на имплементација на легислативата за благосостојбата на животните која е еквивалентна на европската легислатива.

Оваа брошура содржи дел од материјалите кои се изработени од страна на Европскиот проект "Водич за транспорт на животните". http://animaltransportguides.eu и сите материјали кои се искористени во оваа брошура соодветно се преведени од англиски јазик со дозвола на Европската комисија.

Проектот на DG Sante од Европската комисија има за цел да ја подобри благосостојбата на животните за време на превозот. Во рамките на проектот се припремени, развиени и се дистрибуираат водичи за добра пракса за животните кои се превезуваат во Европската унија како и во трети земји. Изработени се водичи за добра пракса за превоз на говеда, коњи, свињи, живина и овци. Освен водичите изработени се и таканаречени "флаери" со фактографски информации кои се дел од оваа брошура, и за прв пат се објавуваат на македонски јазик. За брзо време овие материјали заедно со водичите ќе бидат достапни и на интернет страната од проектот. Проектот започна во Мај 2015 година и ќе заврши во Мај 2018 година

Со оваа брошура целта ни е да дадеме информации врз стручна основа за основните постапки и методи на товарење, истоварање, превоз, сместување, фиксирање и ракување со животните. Брошурата е наменета и за лица кои вршат надзор на товарење истоварање, лица кои вршат превоз на живи животни како и за одгледувачите одговорни за подготовка на животните за транспорт. Секако дека овие "флаери" неможат самостојно да се користат без соодветните водичи но преставуваат добра основа за генералните сознанија во врска со превозот на животните. Брошурата е во согласност со националната и европската законска регулатива како и основните правила за благосостојба кај животните.

Генерално се знае дека долгите патувања на животните повеќе ја нарушуваат благосостојба на животните отколку краткиот превоз, но важно е да се напомене дека за нарушување на благосотојбата не влијае само должина на патувањето туку и факторите како што се припремата на животните пред транспорт, товарењето истоварењето, густината на животните за време на превозот обученоста на одгледувачите и возачите. Затоа може да кажеме дека во Република Македонија иако превозот на живи животни не спаѓа во категорија на долго патување, сепак факторите како екстремните температури недостатокот на храна, вода и одмор, лоши практики при товарење и истоварање стануваат важни не само од аспект на благосостојбата на животните туку и од аспект на квалитетот на крајниот производ во кланичната индустрија.

Агенцијата за храна и Ветеринарство му се заблагодарува на Проф. д-р Влатко Илиески за обезбедениот превод на материјалите на македонски јазик кој е еден од учесниците во проектот на Европската Комисија "Водич за транспорт на животните", на Европската Комисија која даде дозвола за печатење и употреба на материјалите со цел едукација на превозниците на животни во поглед на заштитата и благосостојбата на животните и на *Animal Welfare Foundation* за обезбедување на финансиските средства за печатење на оваа брошура.

Агенција за храна
и ветеринарство

Содржина

Законски обврски ..... страна 3

Контролен лист за возачот..... страна 6

Товарање и истоварање на говеда..... страна 10

Превоз на крави во лактација..... страна 12

Говеда на долги патувања..... страна 13

Превоз на телиња..... страна 15

Превоз на свињи..... страна 17

Товарање и истоварање на свињи..... страна 19

Мониторинг и проценка (евалуација) на превозот на свињи..... страна 21

Овци и јагнињa: способност за превоз..... страна 23

Овци: избегнување на топлотен стрес и стрес од ладно ..... страна 24

Превоз на овци-долго патување..... страна 26

Подготовка на возилото, возачот и товарење на живина..... страна 28

Подготовки за заловување на кокошки несилки за време на превоз..... страна 30

Подготовки за заловување на бројлери..... страна 32

Товрење и потребен простор за коњи..... страна 34

Правилно ракување со коњите..... страна 35

Хранење и напојување на коњите..... страна 37

Сите материјали кои се искористени во оваа информативна брошура соодветно се преведени на македонски јазик и произлегуваат од пилот проектот на Европската Унија “Animal transport guides”.

Оваа информативна брошура не е наменета за користење во комерцијални цели

ЗАКОНСКИ ОБВРСКИ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕВОЗ

Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15, 53/16) и Правилникот за заштита и благосостојба на животните за време на превоз („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/17), превозниците кои вршат превоз на кратки и долги патувања и превозните средства за долги патувања треба да бидат одобрени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство. Возачите/надзорниците на патувањето треба да имаат уверение за квалификација.

СЕКОЕ ЛИЦЕ КОЈ ПРЕВЕЗУВА ЖИВОТНИ ВО КОМЕРЦИЈАЛНИ ЦЕЛИ НА ДЕСТИНАЦИИ ПОДОЛГИ ОД 65 КИЛОМЕТРИ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ ТРЕБА ДА БИДЕ РЕГИСТРИРАН ОДНОСНО ОДОБРЕН ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО.

Агенцијата за храна и ветеринарство ги издава следните одобренија:

1. ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗНИЦИ КОИ ВРШАТ ПРЕВОЗ НА ЖИВОТНИ ЗА КРАТКИ ПАТУВАЊА
   (Под кратко патување се подразбира времетраењето на патувањето да не преминува 8 часа и дестинацијата да надминува 65 километри во еден правец),
2. ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕВОЗНИЦИ КОИ ВРШАТ ПРЕВОЗ НА ЖИВОТНИ ЗА ДОЛГИ ПАТУВАЊА
   (Под долго патување се подразбира патување на дестинации чие времетраење надминува 8 часа) и
3. ОДОБРЕНИЕ ЗА СРЕДСТВАТА ЗА ПРЕВОЗ НАМЕНЕТИ ЗА ДОЛГИ ПАТУВАЊА.

Овластените субјекти од Агенцијата за храна и ветеринарство го издаваат УВЕРЕНИЕТО ЗА КВАЛИФИКАЦИЈА НА ВОЗАЧОТ.

ОДОБРЕНИЈАТА ЗА ПРЕВОЗНИЦИ, ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА ЗА ДОЛГИ ПАТУВАЊА И УВЕРЕНИЕТО ЗА КОМПЕТЕНТНОСТ ВАЖАТ 5 ГОДИНИ:

ПРЕВОЗ НА СОПСТВЕНИ ЖИВОТНИ ВО СОПСТВЕНИ ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА

Одгледувачите на животни кои вршат превоз на животни со земјоделска механизација или други средства за транспорт во нивна сопственост во случај на миграција на животните или превоз на животни со средства за транспорт во нивна сопственост на одалеченост до 50 km од нивното одгледувалиште, НЕ Е ПОТРЕБНО ДА ИМААТ ОДОБРЕНИЕ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО А ПРИ ПРЕВОЗОТ НА ЖИВОТНИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

1) да се направени сите неопходни подготовки, со цел да се намали времетраењето на патувањето и да се задоволат потребите на животните за време на патувањето;

2) животните да бидат подготвени за патување;

3) средствата за превоз треба да бидат соодветно конструирани, одржувани и управувани, на начин да се избегне повреда, страдање, како и да се осигура нивната безбедност;

4) опремата и просторот за натовар и истовар да е соодветно конструиран и одржуван, на начин да се избегне повреда и страдање, како и да се осигура нивната безбедност;

5) лицата кои постапуваат со животните да имаат вештини и знаења од областа на заштита и благосостојба за време на превоз и да ги извршуваат своите обврски без употреба на сила или кој било друг метод со кој се предизвикува непотребно страв, болка, страдање или повреда на животните;

6) превозот до местото на истовар да се извршува без застој, така што условите за благосостојба на животните редовно се проверувани и соодветно одржувани;

7) за животните да е обезбедена доволна подна површина и висина, соодветна на нивната големина и намена на превозот и

8) животните да се понудуваат со вода, храна и одмор во соодветни интервали и со соодветен квалитет и квантитет според нивниот вид и големина.

ЗАБРАНЕТО Е ПРЕВЕЗУВАЊЕ ИЛИ ПРИНУДА НА ЖИВОТНИ НА ПРЕВОЗ КОЈ МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКА НИВНА ПОВРЕДА ИЛИ ПРЕТЕРАНО СТРАДАЊЕ!!!

Агенција за храна и ветеринарство

European Commission

Контролен лист на возачот: **Дали сте подготвени?**





Европски пристап за добра практика на превоз на живи животни

Како професионален возач, животните се во ваши раце. Потребен ви е уверение за компетентност за да можете да вршите транспорт на живи животни. Усогласеноста со релевантната законска регулатива за благосостојба на животни за време на превози ќе Ви помогне да постигнете високи стандарди за заштита и благосостојба.

Максимум: време на превоз и температура

Вид	Максимално време на патување
Говеда	Возрасни: 14 часа + 1 одмор + 14 часа Не одбиени телиња: 9 часа + 1 одмор + 9 часа
Свињи	Возрасни: 24 часа Свињи: 9 часа + 1 одмор + 9 час
Живина	*Нема максимум на траење на транспортот*
Коњи	Возрасни: 24 часа Ждребиња (< 6 месеци, со кобила): 9 часа + 1 одмор + 9 часа
Овци	Возрасни: 14 часа + 1 одмор + 14 часа Неодбиени јагнињa:9 часа + 1 одмор + 9 часа

После максималното времетраење на патувањата, животните да се истоварат, да се нахранат и напојат и да се одморат најмалку 24 часа; освен живината

- **Контролирајте ја температурата** внатре и регулирате ја вентилацијата!
- Бидете сигурни дека животните **се добро нахранети и напоени**
- Во случај да **паднат капаците**, отворете ги
- Сите животни да **НЕ се превезуваат** на повисоки **t.** од **30 °C**

- Избегнувајте товарење на **наводенети животни**
- **Контролирајте ја температурата** внатре и регулирате ја вентилацијата!
- Бидете сигурни дека животните **се добро нахранети и напоени**
- Сите животни да **НЕ се превезуваат** на пониски **t.** од **5 °C степени**

Индекс на безбедност за временски услови

Темп. (°C)	Релативна влажност (%) 50	60	70	80	90	100
25,6	22,2	23,3	23,9	23,9	25	25,6
26,7	23,3	23,9	25	25,6	26,1	26,7
27,8	23,9	24,4	25,6	26,1	27,2	27,8
28,9	25	25,6	26,7	27,2	28,3	28,9
30	25,6	26,7	27,2	28,3	28,9	30
31,1	26,7	27,2	27,8	29,4	30,6	31,1
32,2	27,2	28,3	28,3	30,6	31,1	32,2
33,3	28,3	28,9	30	31,1	32,2	
34,4	28,9	30	31,1	32,2		
35,6	30	31,1	32,2			
36,7	30,6	31,7				
37,8	31,1	32,8				

Добро! Внимание Опасно Итност

НЕ превоз на 30 °C или пониска во случај на висока влажност

Контролен лист за возилото

Име на превозник:		**Број на превозник:**	
Место на поаѓање:		Број на возилото:	
Датум :			


Проверка	**Пред превоз**	**Прв одмор**	**Втор одмор**	**Последна проверка**
Состојба на животните				
Документи				
Храна, вода и простирка за животните				
Температура и вентилација				
Генерална проверка на возилото				
Време и место на проверка				
Потпис на возачот				

European Commission

1. Подготовка



1. Дали вашето возило е подготвено? Проверете ја техничката исправност, вентилацијата, чистотата, преградите, бравите, површината на подот (простирката), осветлувањето, опремата за товарење/истоварење и ознаките на возилото



2. Дали ги имате потребните документи?

- Сертификат за компетентност
- Одобрување на возилото
- План за итни мерки
- Документи за идентификација на животните

Запомнете го максималното време на патување



3. Дали имате храна, вода и систем за напојување за животните? *Видете табела*

Патување > 8 часа

4. За прекуграничен превоз на животни (освен живина), Треба да имате дневник за патување. Треба да имате систем за следење на транспортот и температурата.

2. Товарење/истоварење



1. Паркирајте го возилото близу до местото за товарање/истоварање кое треба да е заштитено од екстремни временски услови



2. Био -сигурност на местото на истовар: внимавајте на чистите и валканите патеки и проверете ја чистотата на истоварното место



©Eyes on Animals

3. Дезинфицирајте и проверете дали правилно е поставена опремата за товарење за да избегнете повреди



©Eyes on Animals

4. За време на истоварање – проверете ги боксовите, и вентилацијата. *Погледнете ги "флаерите"*



5. Ракувајте со животните на мирен начин, не брзајте. Обезбедете итен и адекватен третман на повредените животни

Проверете ги животните а товарите ги само оние кои 'се способни за превоз'. Доколку се сомневате оставете ги животните и проверете со организаторот на превозот.



6. <u>Долги патувања:</u> доставете го планот на патувањето до надлежните органи и пријавете ги проблемите











European Commission

3. За време на патувањето



1. Уверете се дека сите врати на товарниот простор се затворени додека возилото е во движење



©Heering Transport

2. Возете внимателно за да избегнете повреда на животните или страдање



3. Избегнувајте застои, сообраќајни инциденти и одложувања за време на превозот



4. Направете генерална проверка на возилото и на животните после секое запирање (на секој контролен пункт)



5. Почитувајте ги принципите на добра пракса за време на превоз. *Внимателно погледнете ги "флаерите"*



6. Одржувајте соодветен температура и вентилација. *Препораки од 'индекс на безбедност за временски услови'*



©Henk van Dommelen

7. Обезбедете доволно храна и вода на местата за одмор *Види табела*



©Eyes on Animals

Проверете ги сите животни за време на пауза. Одвоите ги и третирајте ги (ако е можно) болни/повредени животни и барајте ветеринар. За цело време на патувањето бидете во контакт со организаторот на превозот, полесно ќе донесувате одлуки

Вид	Хранење	Напојување
Говеда	Говеда*: секои 14 часа Телиња: во флаерот за телиња	Говеда*: every 14 hours Телиња: во флаерот за телиња
Свињи	*На контролната точка*	Кај сите: континуиран пристап до вода
Живина	Кокошки: секои 12 часа Еднодневни пилиња: обезбедете храна доколку патувањето е > 24 hours	Кокошки: every 12 часа Еднодневни пилиња: обезбедете вода доколку патувањето е > 24 часа
Коњи	Коњи*: секои 4,5 – 5 часа Ждребиња: по 9 часа од патувањето	Коњи*: every 4,5 – 5 часа Ждребиња: по 9 часа од патувањето
Овци	Овци*: секои 14 часа Неодбиени јагниња: по 9 часа од пативањето	Овци*: секои 14 часа Неодбиени јагниња: по 9 часа од патувањето


* Вклучително млади одбиени животни

European Commission

Товарење и истоварање на говеда

Подготовка за товарење: ‘Што да се прави?’

1 Возачот да ја **провери** *‘Контролната листа за превоз на живи животни: Дали сте подготвени?’’*. Доколку имате сомнеж или итна ситуација, побарајте совет од ветеринар.



2 Проверете го **бројот и состојбата** на говедата кои ќе се товарат (големина, тежина и способност за превоз). За проверка употребете го ‘*Практичен водич за проверка на состојбата на возрасни говеда за превоз* ’

3 Подгответе **план за товарање**, земете го во предвид бројот на говедата, тежината, полот, дали имаат роговите. Полово зрели говеда треба да се превезуваат во посебно оддели во превозното средство

4 Отворете ги страничните прегради на камионот, за да има вентилација при товарењето



5 Возачот/помошникот да ја прилагодат рампата за товарење/истоварање на камионот. Рампата да нема препреки , косината на рампата да е што помала (макс. 36% или 20° за телиња, макс. 50% или 26°за возрасни говеда)


6 Рампата за товарење/истоварење треба да има странична заштита (со цврсти коридори висина на страни за возрасни: 1,7 m)

7 Поставете **слама** за да се избегне лизгање и рефлексија на светлост.

8 Проверете го коридорот дали има визуелни или физички **препреки**

9 Товарењето направете го **тивко и мирно**

Подготвени за товарење!



Во возилото сите животни треба да можат да стојат или легнат во исто време. Обезбедете околу 20 cm над грбот на говедата за оптимален проток на воздух


Потребен простор


Категории	Тежина	Минимална површина / животно (m^2)
Мали телиња	50	0.30 to 0.40
Телиња	110	0.40 to 0.70
Јунишња	200	0.70 to 0.95
Говеда	325	0.95 to 1.30
Големи говеда	550	1.30 to 1.60
Големи говеда	>700	> 1.60

Товарење



1. Овозможете говедата да се товарат според нивниот **нормален ритам на одење**
2. Товарите ги говедата во **групи** (5 возрасни говеда, 10 – 15 телиња)
3. **Намалете ја бучавата** за да се намали стресот
4. Уште подобро е поединечно **да им се помогне на говедата** за полесно да се товарат
5. Имајте го во предвид **видното поле** кај говедата: странично застанете на средина од телото за да тргне напред





Што да се направи доколку говедото застане и одбива да тргне напред

- Бучавата да биде ограничена. Избегнувајте да викате; говедата се осетливи
- Дозволете им на говедата да се смират и проверете дали се способни за превоз
- Проверете дали има препреки, рефлексии или нешто што може да ги исплаши и отстранете ги препреките. Не е можно? Додадете време на говедото да се смири за да ја премине препреката. Отстранете ја препреката пред следното товарање/истоварање
- Употребувајте пасивни методи за придвижување на говедата (на пр. охрабрете ги смирено со нежна употреба на дрвени или пластични водичи)
- Охрабрете ги животните да се придвижат со шепотење или разговор. Никогаш не удирајте ги животните!
- Електрични водичи треба да се избегнуваат што е можно повеќе и употребувајте ги кога навистина има потреба за тоа (само на возрасни говеда не повеќе од 1 секунда на надворешната страна од бутот!)

Истоварање

1. Во случај на **доцнење при истоварањето** обезбедете добра вентилација додека стои возилото (страничните прегради отворени, употребете вештачка вентилација доколку ја имате, паркирајте под сенка)
2. Употребувајте максимална ширина на **коридорот** за истоварање и употребувајте соодветно осветлување кога ќе пристигнете
3. Истоварете ги говедата во **простор** со соодветен капаците на големината на нивните бокс од шталата
4. Доколку говедата се **истоштени** по пристигнувањето, изолирајте ги и дадете им соодветен третман
5. Употребувајте ги истите **пасивни методи** за придвижување на животните како што се опишани во *'Товарање'*
6. Откако ќе ги истоварите сите животни, темелно **исчистете го и дезинфицирајте** го возилото
7. Доставете ја соодветната **докумантација** на надлежниот орган и известете за било каков проблем. **Уште подобро!** Користете ги претходните искуства за проблеми за да го подобрите транспортот во иднина

Publications Office

PDF
ISBN: 978-92-79-81187-6
doi: 10.2875/705062
EW-BK-18-014-EN-N

European Commission

Превоз на крави во лактација

Превоз на молзни крави

Молзните крави се осетливи животни и потребно е да се превозуваат со **посебно внимание**. Кравите кои се во лактација доколку редовно не се молзат можат да **страдаат од јака болка**, поради зголемениот притисок во вимето и имаат висок ризик да развијат маститис или други заболувања. Посебна грижа и добри практики при превозот можат да спречат заболување.



Доколку кравата не може да стане (*легната крава)*, веднаш повикајте ветеринар!

Подготовка на молзни крави

1

Запомнете -
Во **првата недела по телењето,превозот е забранет**

2

Доколку молзните крави не се со своите телиња, тие мора да се молзат најмалку на **секои 12 часа**



3

Доколку молзните крави треба да се превозуваат на долго патување, проверете дали контролните пунктови имаат **опрема за молзење**

4

Мирно истоварете ги кравите во молзиштето на контролниот пункт

5

Уште подобро!
Обезбедете вода и храна додека се молзат и проверете дали кравите можат да јадат/пијат пред да ги товарите за да го продолжат патувањето

За крави во лактација оптимална температура за превоз е помеѓу до 5˚C до 15˚C. Под 5˚C, кравите имаат потреба од дополнително греење – посебно ако воздухот е сув и со висока влажност. **Не вршете превоз ако температурата е над 30˚C**.

Publications Office

Health and Food Safety

PDF
ISBN: 978-92-79-81222-4
doi: 10.2875/537030
EW-BK-18-015-DE-N

European Commission

Говеда на долги патувања

Долги патувања = повеќе од 8 часа, вклучувајќи време за товарање, истоварање и одмор

Животни	Времетраење на патување		
Говеда	Максимално. 14 часа превоз	Минимално 1 час одмор (напојување и хранење)	Максимално 14 часа превоз
Не одбиени телиња	Максимално 9 часа превоз	Минимално 1 час одмор (напојување и хранење)	Максимално 9 часа превоз

После максималното времетраење на патувањето, животните мора да се истоварат, да се напојат вода и нахранат и да се одморааат во следните 24 часа

Подготовка: Специфични одредби

Два дена пред патувањето

- ❑ Проверете ја **временската прогноза** за да избегнете екстремни временски услови
- ❑ Направете **план** на патувањето и проверете го времетраењето на патувањето
- ❑ **Проверете ги местата за одмор/контролните пунктови** дали има квалитетна храна, опрема за хранење, доволно просто, опрема за молзење (за крави во лактација). Резервирај ако е се ОК
- ❑ Проверете дали возилото има **систем за набљудување на температурата** и исчистете ги поилките
- ❑ Проверете дали ги имате сите **потребни документи** (на пр. план за итни мерки, патен дневник, здравствен сертификат итн.)
- ❑ **Организирајте** го товарењето
- ❑ Побарајте **сите говеда да бидат добро одморени, напоени и најадени** со доволна количина на квалитетна храна и вода

На денот на тргнување!

- ❑ **Подгответе** го возилото
  - Обезбедете чиста и нова **слама** (10kg слама/m^2, да ги прекрива подните површини)
  - Обезбедете **вода и храна** соодветна видот и бројот на говедата
- ❑ Товарите ги говедата **мирно**
- ❑ **Отпочнете** го патувањето штом ќе заврши товарењето

Возрасни говеда	
Храна	**Вода**
2 kg / 100 kg жива мера, квалитетно сено	10 – 50 L/ден/животно, според староста и климатските услови




Патување со низок стрес

- Возете **внимателно** и избирајте **автопат**
- Одржувајте ги **поилките чисти** за време на патувањето
- **Проверете ја состојбата** на сите говеда (без знаци на температурен шок, без знаци на стрес и без повреди) на секое запирање. Активирајте го **планот за итни мерки** веднаш и преземете соодветни мерки доколку утврдите знаци на слабост кај животните
- Пред пристигнување – **повикајте го одговорното лице на местото на пристигнување**, да подготвите брз истовар на говедата и да обезбедите храна и вода.



Препораки за температурата

Добра температура: од 5°C до 30°C – коригирајте ја влажноста (со системот за вентилација)



Високата влажност предизвикува повеќе тешкотии за издржување на високи температури. Затоа кога температурата и влажноста се многу високи, избегнете го превоз

Во случај на жешко време

- Подобро е да се **вози навечер** за да се избегнат високите температури
- Паркирајте го возилото **на провев за да обезбедите и** пасивна вентилација
- **Отворете** ги сите странични прегради
- Доколку ова не е можно возете до најблиското **место за одмор**
- Проверете дали има **вода за сите животни**: проверете го системот за пиење и дополнителните резерви на вода во возилото

Молзни крави во лактација (погледнете го посебниот водич)

- Кравите во лактација **се молзат** најмногу на секој 12 часа
- Уште подобро! На местата за одмор обезбедете кравите да можат да **јадат и пијат додека се молзат или одмораат,** пред повторно да се товарат за патување



Долги патувања на телиња (видете го посебниот водич)



Повикајте одгледувалиштето или контролниот пункт за да се организира **брзо напојување и хранење по пристигнувањето**, и да се обезбедат соодветни услови за телињата (на пр. затоплување на просториите и замена на млеко)

PDF
ISBN: 978-92-79-81175-3
doi: 10.2875/758193
EW-BK-18-013-EN-N
Publications Office

European Commission

Превоз на телиња

Превоз на млади телиња

Телињата – се **многу осетливи** на заболувања (како што се респираторни и желудочно/цревни). Превозот кај нив лесно предизвикува стрес. Многу тешко се ракува со млади телиња во група - инстинктот на стадо не е развиен. Примената на **добра пракса** спречува несакани последици и имаат позитивно влијание и на сточарското производство (на пр. подобрување на телесната маса и помалку заболувања).



©Henk van Dommelen



- Телиња со **не зараснат папок**: забранет е превоз
- **Телиња помлади од 10 дена**: дозволен е превоз до 100 km, под одредени услови
- **Телиња помлади од 14 дена:** забранети се долги патувања
- **Уште подобро! Превозувајте одбиени телиња постари од 8 недели**
- Ако телето останува да лежи по истекот на периодот на одмор, **контактирајте ветеринар**

- Обезбедете **соодветна простирка** (на пр. слама) соодветна на бројот на животните, времето на патување, надворешната температура. Да се обезбедат соодветни услови и впивање на мочката и изметот.
- Користете **странична заштита** на подот на камионот, со цел да избегнете нозете на телињата да се заглават помеѓу подот и страничните ѕидови
- Кога телињата се товарат во **група,** ограничете ја големината на групата од на **10 – 15 телиња**
- Доколку се употребува истоварана рампа, косината треба да се намали (максимален агол од 20° или 36%)
- Товарите ги **телињата** со поединечна помош за да ги водите на **рампата.**
- Во случај на **долго патување;** повикајте г одговорното лице на фармата или контролниот пункт да имаат **обезбедено вода и храна** веднаш по пристигнувањето како и соодветни услови за телињата (на пр. затоплување на просториите)



©Henk van Dommelen



Превоз на телиња

Хранење и напојување



Неодбиени телиња

Употребата на течна храна за телиња во превоз се смета за непрактично кај повеќето камиони. Затоа телињата ќе треба да бидат **истоварени** за да им се даде течна храна за време на одморот



Одбиени телиња

На местата за одмор обезбедете концентрат базиран на пченица за исхрана на телињата (во случај телињата да се навикната на таква исхрана)**.** Честите промени во исхраната можат да предизвикаат заболување.

Добра течна храна: 2 L / 12 часа

- **Хранете ги телињата поединечно и обезбедете период за одмор од најмалку 1 час**, пред да се продолжи патувањето
- Проверете го **системот за пиење (**поилки**)** дали е чист, дали е одржуван и дали работи
- Проверете дали телињата знаат да **го користат со системот за пиење** (поилки) доколку е можно да се користи замена за млеко или загреан електролитен раствор (користете гумени цицки)
- Доколку телињата не знаат да ги користат поилките, пуштете ги да капат за да предизвикате цицање (да почнат да цицаат) или користете го палецот за да ги научите.
- **Набљудувајте ги телињата внимателно** да се осигурете дека соодветно го користат системот за пиење . Доколку не успеат да се напијат, дадете им рачно млеко/вода

Температура

Оптимална температура: од 5°C до 25°C. Обезбедете стабилна температура, поради големата осетливост на температурни промени на телињата

- Обезбедете **повеќе простор на подот**
- Повеќе **прегради** за вентилација
- Кога е неопходно, **прскајте со вода**
- Ако доцните при патувањето, напојувајте ги телињата **рачно**
- **Не вршете превоз кога t. е повеќе од 30 °C**

- **Затоплете ги возилата** пред товарење
- Обезбедете **додатна простирка**
- Кога е неопходно додадете **дополнително греење**

Publications Office

PDF
ISBN: 978-92-79-81098-5
doi:10.2875/23920
EW-BK-18-003-EN-N

European Commission

Превоз на свињи

Биди внимателен кога возиш!



1. Вози **внимателно**
2. **Нежно** менувај брзини и **внимателно** забрзувај
3. Одржувај **константна** брзина
4. На кривини биди **внимателен** (особено на кружен тек)
5. Избегнувај **силно** и нагло **кочење**, прилагоди се на сообраќајот
6. **Кога е можно вози на автопат,** (лошите патишта ги зголемуваат вибрациите на возилото и резултираат со поголема изнемоштеност кај свињите

Овој начин на возење го намалува трошењето на гориво и ја намалува емисијата на CO2

Секогаш размислувај како возењето влијае на свињите

1 Здравствени проблеми

На прасињата и свињите по пристигнувањето:

- Респираторни и дигестивни нарушувања
- Проблеми со движење
- Болести кои можат да се развијат по неколку недели



2 Квалитет на месото

- Крварења и други оштетувања на трупот
- Несоодветен ”pH” и боја на месото во кланицата



3 Потенцијален стрес и непријатност

- Губење на рамнотежа
- Исцрпеност од возење

Проверка: За време на патувањето

- Соодветната температура во возилото може да се **процени** со утврдување на **вкочанетост на свињите** (висока температура, лоша вентилација, пренатрупаност). **Групирање (стискање) на свињите** може да индицира дека животните чувствуваат студ
- При долги патувања неопходна е **вештачка вентилација**

Напивање на свињите

За патување подолго од 8 часа:

- **Системот за пиење** треба да биде во добра работна состојба, дизајнирана и поставена така што сите свињи можат да ги користат
- Вкупниот **капацитет на резервоарите за вода** за секој вид на транспорт треба да биде најмалку 1,5% од смакс. Носивост на возилото
- **Проверете** дали свињите пијат вода на секоја пауза

Соодветна температура: од 5°C до 30°C

При жешко време: обезбеди добра вентилација!

1. Секогаш отворајте ги сите странични капаци или прегради
2. Вклучете го **системот за вентилација** при запирање, ако е достапно (задолжително за патување повеќе од 8 часа). Системот за вентилација треба да обезбеди рамномерна дистрибуција низ возилото, со минимален проток на воздух со капацитет од 60 m3 / h / 100 kg тежина на товарот. Треба може да работи повеќе од 4 часа, независно од моторот на возилото (отстапување дозволено за земјите-членки со патувања помали од 12 часа)
3. **Контролирајте ја температурата** во внатрешноста и прилагодите ја вентилацијата
4. Паркирајте го возилото **во сенка**
5. Доколку е можно освежете ги свињите кои имаат знаци на топлотен стрес со помош на **прскалки**, непосредно пред тргнувањето во комбинација со механичката вентилација
6. **Дајте им вода** за пиење на свињите










Добра вентилација: отворете ги сите странични прегради и капаци при товарење , освен кога е многу ладно време

При ладно време: обезбеди температурата да биде соодветна!

1. Приспособувајте ги **отворите за вентилација** за да ја зголемите или намалите вентилацијата за време на возењето
2. При запирање, **намалете го отворот** за вентилација од страната на правецот на ветрот и отворете го од другата страна
3. Бидете сигурни дека **температурата внатре** во камионот на сите места останува соодветна (5°-30 °)
4. Додајте **дополнителни прегради**, доколку се достапни, за заштита на свињите од ветер или дожд



PDF
ISBN
doi:
Publications Office

European Commission

Товарење и истоварање на свињи

Подготовка за товарење: ‘Што да се направи?’

Максимално време за превоз на свињи, вклучувајќи го времето за товарење и истоварање е 24 часа!

1 **Одгледувачот**: ги проверува бројот, тежината и во каква состојба се свињите за да се товарат и го информира превозникот. Проверката каква е состојбата на свињите се прави според *‘Практичниот водич за проверка на состојбата на свињите за превоз’*

2 **Превозникот**: подготвува напишан план за товарење

3 **Возачот**: го употребува *‘Контролниот лист за превоз на живи животни: Дали сте подготвени?’*

4 **Возач/надзорник**: ја поставува рампата за товарење од камионот на платото за товарење избегнувајќи празнини. Го намалува косината што е можно повеќе (макс. 36% или 20°)

5 **Возач/надзорник** : поставува пилевина или простирка од друг материјал на рампата и на подот од возилото доколку е потребно (лизгање, влага, косина)

6 **Товарењето треба да се направи што е можно помирно и понежно**

Подготвени за товарање!




Препораки за потребен простор по свиња	
Прасиња (6 – 10 kg)	0,07 m²/прасе или 14 прасиња/m²
Прасиња (25 – 30 kg)	0,18 m²/прасе или 6 прасиња/m²
Товеници (110 – 120 kg)	0,5 m²/свиња или 2 свињи/m²
Товенеци (> 120 kg)	0,7 m²/свиња или 1,4 свињи/m²

Во превозното средство Сите свињи треба да може легнат или застанат во исто време





©IFIP



©IFIP





©IFIP

Товарање



1. Сите свињи треба да се движат според нивниот регуларен **ритам на одење** до товарната рампа
2. Товарите ги свињите во **групи**
3. Бучавата треба да се **минимизира** за да се намали **стресот**
4. **Посветете внимание на потребниот простор**. За време на превозот сите свињи треба да можат да легнат или стојат во нивната нормална положба
5. Употребувајте коридори со цврсти (посебно накривени) ѕидови
6. Имајте го во предвид специфичното **видно поле** кај свињите (*слика подолу*)
7. За полесно да се придвижуваат свињите, охрабрете ги со употреба на:
   - Звучен стимул (свирче)
   - Пластична штракалка или шејкер (шум)
   - Најлонско знаме
   - Матадор наметка
   - Пластична лента
   - табла





Доколку свињата застане и одбива да се придвижува, следете ја оваа процедура

- Оставете ја свињата да се смири и проверете дали е способна за превоз. Доколку е , преземете го следново
- Проверете дали има некаква препрека и тргнете ја доколку е можно или сменете го осветлувањето. Не постои можност? Дајте и време на свињата да се навикне на препреката за да ја помине. Корегирајте го проблемот пред следното товарање/истоварање
- Употребувајте пасивни методи за придвижување на животните (табли, знамиња, итн.)
- Свињите може да се товарат/истоварат во групи следејќи го лидерот
- Охрабрете ги животните да се придвижуваат со шепотење зборување. Никогаш не ги влечете или удирате животните!
- Сексуално зрелите маторици и нерези треба да се ракуваат посебно и да се превезуваат во одделни боксови

Истоварање

1. Во случај на **доцнење при истоварот**, обезбедете добра вентилација во камионот (страничните прегради отворени, употребете вештачка вентилација доколку имате, обидете се да паркирате во сенка)
2. Употребувајте коридори со максимална широчина при истоварањето
3. Истоварајте ги свињите во број адаптиран според големината на боксовите во фармите
4. Доколку свињата по пристигнувањето забележите свиња со лоша здравствена состојба, советувајте ја кланицата за да ја изолира и заштити
5. **Пријавете го бројот** на повредени или угинати свињи на крајот од патувањето

Publications Office

European Commission

Мониторинг и проценка (евалуација) на превозот на свињи

‘Како да ги набљудувам животните за време на превоз и при одмор?’

Работи на кои треба да внимаваме за време на превозот, одмарање и при пристигнување:

1



Дали животните се мирни и тивки?
Животните треба да лежат да не квичат и /или се борат

2



Набљудувајте ја положбата на свињите
Дали тие стојат, лежат? Кога е жешко свињите ќе го користат целиот простор. Кога е ладно, животните се гупираат/стискаат меѓ себе

3



При одморање, дали слушате кашлање кај животните?

4



Дали свињите се задишани?
Во топло време, ова е јасен показател за потребата од прилагодување на вентилацијата

5



Дали животните се чисти за време на патувањето?
Ова вклучува присуство на крв, пена на устата повраќање.

6



Состојба на свињите за време на превоз
Дали сите свињи се способни за продолжување на превозот?
‘*Практичен водич за проценка на способноста на свињите за превоз*’

Брза проверка на опремата од возилото на секое запирање



Контролен лист

Регулирање на капаците и страничните прегради

Систем за напојување

Мониторинг на температурата во кабината и сондата во превозното

Аларм

Видео камера, доколку има

‘Кои активности треба да се преземат?’

Несакани ефекти	Набљудување	Активност
Глад	*Губење на тежината*	Свињите не треба да се хранат во камионот, бидејќи ќе страдаат поради возењето. Или почекајте до крајната дестинација или истоварате ги свињите за 24 часа за да ги на храните. Контролирајте ги уредите за пиење
Дехидрација	*Жед, збрчкана кожа, задебелени мукозни мембрани*	Обезбедете свежа не многу ладна вода. Свињите мора да имаат постојан пристап до вода за време на патувањето
Немање простор за одмор	Валкани свињи, животните стојат цело време, нити едно животно не легнува	• Додадете простирка • Приспособете ги боксовите според свињите кои се превозуваат • Приспособете ја вентилацијата со регулирање на вештачка вентилација и / или преку влез од страничните прегради
Слаба вентилација	*Невообичаена хипер вентилација на свињи со отворена уста и брза респираторна фреквенција*	• Проверете ја вентилацијата и внатрешната температура • Овозможете доволна вентилација за свињите; отворете ги страничните прегради и преминете на вештачка вентилација доколку имате • Избегнете паркирање на камионот на жешки места (сончеви места) • Може да е потребно распрскување на вода во многу жешки услови
Топлотен стрес	*Задишаност*	• Веднаш отворете ги сите странични прегради и преминете на механичка вентилација доколку е возможно • Може да е потребно распрскување на вода во многу жешки услови
Стрес од ниска температура	*Треперење, сива боја на кожата*	• Намалете ги отворите и контролирајте ја температурата внатре • Употребете повеќе материјал за простирка (на пр. пилевина) да се зголеми изолацијата на контактот на подот со свињите
Исцрпеност	*Апатија, одбивање да се движат, колапс, смрт*	Консултирајте ветеринар
Болест	*Колапс, смртност, носен очен исцедок ненормално дишење, пролив крв во изметот*	Консултирајте ветеринар
Повреда/ болка	*Кривење, одбивање да се движат ненормална положба на телото повреди на кожата отечени зглобови и нозе*	• Консултирајте ветеринар • Обидете се да ги одвоите повредените свињи во спротивно истоварете ги на најблиското место
Лесно движење	*Лизгање и паѓање*	• Обезбедете гредички на подот на камионот, рампата и / или на патеката кон местото за одмор • Намалете ја косината на рампата што е можно повеќе • Обезбедете чист и лесен пристап до камионот од платото за товарење • Ракувајте со свињите во групи и оставете им доволно време да се движат безбедно
Страв	*Вокализација, бегање, одбивање да се движат*	• Ракувајте мирно • Групата на свињи треба да се одржува стабилна за време на товарењето • Проверете го правецот на светлото кога ќе истоварате
Стрес од изолираност или мешање	*Повреди на кожата, борби*	Избегнувајте мешање на свињи од различни групи
Исцрпеност од превоз	*Свињите се многу подлежни на стрес и можат да повраќаат или да угинат за времена транспорт*	Потребно е период на гладување пред товарање и транспорт, со минимум 6 до 12 часа пред товарањето на фармата, но во секој случај прилагоден на времетраењето на патувањето

European Commission

Овци и јагнила: способност за превоз

Проверете дали овците се во добра состојба за превоз

1 **Никогаш не превезувајте** животни во болка (кога се движат) или повредени (на пр. отворени рани), со тешки системски нарушувања или животни без координација

2 **Никогаш не превозувајте** овци кои се неодамна обезрожени и сеуште не се залечени

3 **Никогаш не превозувајте** јагнила помали од 1 недела и високо гравидни овци (повеќе од 90 % од гравидитет)

4 **Никогаш не превезувајте** слепи животни

5 **Никогаш не превезувајте** овци кои не можат да ја носат својата тежина на сите четири нозе или одбиваат да застанат



Се е ОК?
Спремни за превоз!

Ако се сомневате - оставете ги!

Што е добра пракса?

1. Пред товарење, одгледувачот треба да го **извести возачот** за проблеми во врска со овците што треба да се превезуваат
2. **Проценка** на овците за **способност за превоз** пред товарење да се направи од страна на квалификувано лице
3. Кога се сомневате за **способност за превоз**, побарајте **ветеринар** да преземе соодветни мерки за нега и третман
4. Возачот (како и одгледувачот) е одговорен за способноста на овците за превоз



Што да се направи ако состојбата е влошена за време на превозот?

1. Ефективно задржување во **соодветен простор** за одмор
1. **Обезбедување** на вода и храна
2. **Ветеринарен третман**



European Commission

Овци: Избегнување на топлотен и стрес од ладно

Простор во возилото



Овците имаат потреба од **доволно простор да ја применат нивната стратегија за растојание**. Тоа ќе спречи лизгање, паѓање како и губење рамнотежа. Ако просторот не е доволен, животните нема да легнат; дури и кога се уморни. Колкав простор е потребен за секое животно зависи од: телесната тежина, присуството на волна и дебелината на руно, присуството на рогови, температурата и однесувањето на животните за време на превозот

Запомнете дека просторот во возилото над највисоката точка на овците треба да биде најмалку **15 cm** кај возила кои имаат вештачка вентилација и најмалку **30 cm кај** возилата кои немаат вештачка вентилација.

Минимум потребен простор	Кратко патување	Долго патување
Овци без волна	0.44 m2 за 67 kg	0.44 m^2 за 40 kg
Овци со волна	0.56 m2 за 65 kg	0.53 m^2 за 40 kg
Јагнињa без волна	0.3 m2 за 32.5 kg	-
Јагнињa со волна	0.4 m2 за 40.5 kg	-

- Обезбедете **поголем простор** за сите животни доколку треба **да се одморат, напијат и да се нахранат** во возилото. Во тој случај, ќе им овозможите сите да имаат пристап до храната и водата
- Обезбедете 25% **повеќе простор** за не стрижени овци и јагнињa од ≥ 26 кг, отколку на стрижени овци и јагнињa
- Обезбедете повеќе простор за време на превозот при **високи температури** или **висока влажност** или ако патувањето е под **поголемо стрес (**тешки услови на патување**)**
- Обезбедете повеќе простор, ако возилото треба да биде **застанато подолг период** - освен ако возилото има вештачка вентилација
- **Уште подобро!** Во летните месеци најдобро овците да бидат стрижени за време на превозот но да не се превезуваат доколку се стрижени помалку од 24 часа пред почетокот на патувањето!

Простирка во возилото



Стидено време: да се зголеми постелката / изолацијата и да се отстрани **влажната постелка** после секое патување (за да се спречи замрзнување)

Жешко време: користете **влажен** песок, влажни струготини, пилевина или лушпи од ориз (наместо слама)

Регулирање на условите во возилото и контрола на климата

1. **Намалете го** влијанието на **временските услови** врз животните
2. Проверете дали **температурата и влажноста** во возилото одговараат на видот, тежината и возраста на овците
3. **Контролирајте** ја **температурата** внатре (мин 5 ° C, макс. 30 ° C). Внимавајте вентилаторите да работат.
4. **Системот за следење** треба да работи на мин. / макс. температура, но исто така да ги опфаќа температурите надвор од опсегот
5. За долги патувања, проверете дали **системот за вентилација и температура функционираат правилно**. Овие системи треба да се сместени во кабината возачот за да ги контролира. Исто така, опремете го вашето возило со механички вентилациони системи за регулирање на влажноста и температурата. Сензорите мора да бидат зад кабината на првиот кат за топли вредности и на третиот кат на крајот од камионот за ладни вредности.



Секогаш вниманимавајте на:
- Протокот на воздух во превозното средство
- Брзина на возењето
- Број, локација и услови на планирани запирања
- Потребен простор
- Состојба на овците

Вид	Препорачани температурни вредности за вештачка вентилација		
	Минимум (ºC)	Максимум за прилагодување на влажност(ºC)	
		Рел. влажност < 80%	Рел. влажност > 80%
Овци со волна	0	28	25
Истрижени овци	10	30	29

Студено време

Избегнувајте ладен стрес и студен ветар, особено за ново истрижени овци и јагнишња.
Ова вклучува:
- Затворете ги страничните капаци или запрете го возилото. Секогаш одржувајте доволно вентилација
- Обезбедете храна (пред товарење)
- Избегнувајте товарење на влажни овци
- Овозможете додатно загревање

Жешко време

Намалете го ризикот од **топлотен стрес**. Тоа значи:
- Товарете и транспортирајте овци во поладни часови од денот. Одложете го патувањето се додека временските услови не се подобрат
- Обезбедете повеќе простор на подот
- Сместете го возилото под сенка со доволен проток на воздух употребете вештачка вентилација (додатни вентилатори)
- Намалете го времето на паузи, кога тоа е возможно



Publications Office

PDF
ISBN: 978-92-79-81077-0
doi: 10.2875/80086
EW-BK-18-001-EN-N

European Commission

Превоз на овци-долго патување

Одмор, пауза за вода и храна

План и подготовка на патувањето

1. Овозможете одмор и за животните и возачот истовремено, да се намали **вкупното време на превоз**
2. Овците имаат потреба од **подолг период за одмор** кога се превезуваат на долго патување, особено за ранливи категории на овци
3. **Времетраењето и квалитетниот одмор** на овци треба добро да се планира при долго патување

Запомнете при планирање на патувањето:

- Предвидите ги климатските услови или жетта кај животните (жешко, ладно (замрзнат резервоар за вода)
- Класифицирајте ги овците (на пр. слаби, сјагни, во лактација шилежиња)
- Времетраење на патувањето

Време на патувањето (вклучително товарење/истоварење)

Возрасни: макс. 14 часа + мин. 1 час одмор+ макс. 14 часа
Не одбиени јагнињa: макс. 9 часа + мин. 1 час одмор макс. 9 часа
Следи одмор од мин. 24 часа (истоварете ги, обезбедете вода и храна)



Патување

1. Пред да го започнете патувањето или после одморот, бидете сигурни дека сите овци имаат **пристап до опремата. Проверете ги** квалитетот на водата и храната. Употребете храна (сено доколку се во лактација) која вообичаено животните ја јадат.
2. **Контролирајте** ги животните кога правите **регуларна** пауза (исто така после тежок пат или лоши временски услови). Секоја овца треба да е видлива (на пр. вид на возило, распоред на животните потребен простор).
3. Вклучете го системот за вода и покажете им на животните дека **водата е достапна**. Обезбедете вода и храна на ниво на **подот** каде стојат и бидете сигурни дека сите овци имаат пристап. Поттикнете го пиењето на вода (прикажувајќи им на животните како работат поилките, или рачно снабдување на вода или храна). Во случај на топло време (при доцнење), рачно напивајте ги животните за да обезбедите дека сите животни добиваат доволно вода. Дали има општ проблем со пиењето? Проверете го квалитетот на водата.?
4. **Контролирајте ги животните** за време на одмор (види "Страна 2"). Онаму каде што постои сомнеж за состојбата на животно; да го продолжи периодот на одмор да се бара ветеринарен совет. Ако патувањето може да продолжи со решавање на проблемот, направете дополнителни проверки покасно или на крајот од патувањето.
5. Бидете особено внимателни за **неодбиени јагнињa**! Овие животни се млади и потребна им е посебна грижа. Дадете практична помош на секое одделно животно (без метални нипли или корита), а течната исхрана треба да има соодветна температура и концентрација, за да се избегнат проблемите со дигестивниот систем.
6. На местото **на пристигнување**: обезбедете **храна и вода на животните** (неопходно за овците во трет месец гравидитет, посебни потреби за неодбиени јагнињa).
7. **Евиденцијата** треба да се чува и да се даде на увид на **надлежниот орган**

Проверка на овците

Несакани ефекти	Клинички индикатори/набљудување
Глад	• Губење на тежина (за долги патувања)
Дехидрација	• Тест на кожа (еластицитет) • Екстремна жед
Недостаток на простор за одмор	• Уморни животни • Недостаток на простор да легнат сите истовремено • Однесување при легнување • Недостаток на простор над главата • Угинати животни поради задушување
Топлотен стрес	• Задишаност • Респираторен ритам (низок топлотен стрес: 40-60 вдишување/мин, среден топлотен стрес: 60-80 вдишувања/мин, висок топлотен стрес:80-200 вдишувања/мин, тежок топлотен стрес: преку 200 вдишувања/мин (Silanikove, 2000) • Лигавење • Положба на животните (изолирани единки или групи собрани или раштркани) • Зголемување на телесната температура • Смртност • Екстремна жед со јак нагон за пиење
Ладен стрес	• Вкочанетост • Застанати во физички контакт едни до други • Намалување на телесната температура
Исцрпеност	• Општа летаргичност • Апатија • Недостаток на реакција • Неможност/одбивање да се подигне
Повреди	• Видливи знаци на повреда (знаци од каснување, гребење посекотини)

Несакани ефекти	Клинички индикатори / набљудување
Болест	• Некоординираност • Гризење со забите/стружење • Неможност за одење • Одење со наведната глава • Исцедок од очите и носот • Тешкотии при дишењето • Респираторни звуци • Кашлање • Летаргија • Апатија • Ненормален измет
Болка	• Евидентност на болка при допир на “повреденотоinjured” подрачје • Забрзување на работата на срцето • Стружење со забите • Задишаност
Проблеми при движење	• Лизгање и паѓање • Вкочането одење • Споро одење • Пократки чекори • Кривење
Страв	• Забрзување на работата на срцето • Забрзување на дишењето • Треперење • Уплашено однесување • Бегање • Вкочанетост • Одбивање да се придвижи • Движење наназад • Уринирање и дефекација • Стружење со забите
Изолационен стрес	• Изолација • Вокализација • Стружење со забите

Publications Office

PDF
ISBN
doi:

European Commission

Подготовка на возилото, возачот и товарење на живина

Која е одговорноста на возачот / операторот?

1. **Планирање** на превозот, во зависност од временските услови
2. Сите птици треба да бидат **се способни за превоз**
3. **Благосостојбата на птиците**: од товарење до истоварање во возилото
4. Нежно и внимателно товарење на птиците
5. Да знаете да постапите во итни случаеви



Што треба да подготвам на моето возило за птиците?

Уверете се дека **возилото** е соодветно и чисто за превоз

Обезбедете доволно осветлување и опрема за да можете да ги проверите птиците за време на непланирани запирања



Бидете сигурни дека ќе можете да ја прилагодите микро климата (температура и влажност во возилото) во различни временски услови, особено за еднодневни пилиња

Дајте им пристап до вода за пиење (во случај на превоз повеќе од 12 часа)

Користете странични капаци за да ги **заштитите** птиците од студено и влажно време. Циркулацијата на воздухот не треба да се попречува!

✓ Транспортни кафези: 'Како да ги употребувам?'




✓ Цврст, безбеден, нескршлив, чист, и не се лизга = **добар транспортен кафез**! Влезни врати од страна – уште подобар!

✓ Употребувајте гајби/контејнери кои ќе овозможат **лесно товарење** на птиците за да се намалат повреди




Товарење на транспортни кафези со птици на возилото

1. Во соработка со фармерот **возилото** го поставувате во најдобра **положба**
2. Осигурете се дека целата **опрема** е безбедна, чиста и неоштетена
3. **Местото за товарење** треба да биде заштитено од дожд, снег, јак ветар или јако сонце.
4. Некои делови се во возилото се поладни. Избегнувајте **товарење** на влажни птици во ладните делови од возилото. Товарањето птиците е одговорност на возачот
5. Во **топли денови н**еколку транспортни кафези поставете празни без птици да овозможите проток на воздух
6. Правилно поставувајте ги транспортните кафези



©Dr Rabitsch

Во случај на студено време, птиците во плавата зона се со најголем ризик за студен стрес



Во случај на жешко време, птиците во црвената зона се со најголем ризик за топлотен стрес

- ✓ Доведете ги транспортните кафези колку што е можно **поблиску** до птиците, може да се користат и колички
- ✓ **Избегнувајте** поместување на транспортните кафези, држете ги во рамнотежа
- ✓ **Спречете ги транспортните кафези** да не паднат (во случај да паднат, проверете дали птиците се повредени, повредените отстраните ги и хумано еутанизирајте ги).
- ✓ **Обезбедете ги транспортни кафези** во возилото
- ✓ Внимавајте редот од транспортните кафези **да не е многу висок** за полесно работа.


©GTC Agricultural

За време на превоз: 'Како да возам?'

- Возете **внимателно**
  - Внимателно менувајте ги брзините
  - Возете ги кривините внимателно
  - Одржувајте постојана брзина
- **Избегнувајте** ненадејно сопирање
- Кога е можно користете **автопат**
- Изберете го **најкраткиот пат**
- **Проверувајте** ги птиците на секоја пауза за знаци на абнормално однесување (на пр, задишаност, потресеност)
- Ако **временските услови** се променат, запрете и користете ги страничните прегради соодветно.
- Во топли временски услови: паркирајте го возилото **под сенка за време** одмор за да избегнете топлински стрес

Итна ситуација: 'Што да направам?'

1. Носете го **планот за итни мерки** во возилото, во случај на итност да знаете како да постапите (вклучително: контакт детали на одговорните лица за итни случаи, процедура за проверка на состојбата на птиците)
2. Во случај на **доцнење или несреќа**: контактирајте го одговорното лице/организаторот на превозот да одлучи кои постапки се најдобри за да се заштитат птиците за да им се намали страдањето
3. Секогаш имајте **резервен генератор** во возилата со клима уреди. Во случај да се расипе моторот, потребно е константно да ја одржувате температурата.

Publications Office

PDF
ISBN
doi:

European Commission

Подготовки за заловување на кокошки несилки за превоз

Одгледувач

Подготовка за превоз
'Што да направам?'

- 72 часа пред заловувањето: **обезбедете** го тимот за заловување и **дадете** им јасни **упатства** и инструкции
- 48 часа пред да се фатат: **информирајте** го возачот за вкупниот број на животни и **нарачајте** доволно транспортни кафези возила за сите птици, внимавајте на климатските услови
- **Не ги изгладнувајте несилките повеќе од 12 часа (вклучувајќи го и превозот), а не помалку од четири часа (пред поаѓање).**
  Обезбедете вода до почетокот на заловувањето

Подготвени за фаќање!

Како да ја процениме способноста за превоз ?

Проверете ги кокошките пред да пристигне тимот за заловување и возачот. Внимавајте кај кокошките дали има некои со скршени коски, сериозни тешкотии при одење или дишење или други клинички знаци**. Не товарете кокошки кои не се способни за превоз.** Без одлагање хумано да се **еутанизираат** од страна на обучено лице неспособните кокошки за превоз, тоа е ваша одговорност



Екипа за фаќање

'Кои се добри предуслови за заловување?'

1. *Спречете задушување на кокошките*
2. *Донесете ги транспортните кафези што е можно поблиску до птиците*
3. *Употребувајте сино светло и намалете ја бучавата*
4. *Одржувајте ја целата опрема и проверете ја пред товарење*
5. *Носете соодветна облека (на пр. темно обоени чисти комбинезони, хигиенски капчиња, чисти чизми)*
6. *Бидете сигурни дека вашите раце се чисти и дезинфицирани*
7. *За време на заловувањето секогаш проверувајте ја способноста за транспорт на птиците и постапете соодветно!*

Општи препораки за фаќање

1. Одгледувачот **е одговорен** за фаќањето и треба да биде присутен за да ја надгледува постапката
2. Заловувањето да биде организирано со **искусен, добро обучен, добро опремен тим** и доволен број заловувачи. Дали сите заловувачи имаат сертификат за компетентност? Уште подобро!
3. Проверете дали **птиците се способни за транспорт за време на заловувањето** и постапувајте соодветно!
4. Движете се **бавно** за да ја **намалите бучавата**; во јатото фаќајте ги нежно
5. Не ги **преполнувајте транспортните кафези** и внимателно затворајте ги. Секогаш **проверувајте и ослободувајте ги заробените делови од телото**
6. Внимателно товарите ги птиците во **исправена положба.** Оние кои лежат на грб повторно исправете ги

Компетентност за заловување на кокошки-несилки

Осетливост на несилките

Квалитетот на коските на кокошките не е под влијание на производство на јајца – **несилките се осетливи**. Лошото ракување со несилките за време на заловување и товарење може да резултира со повреди, фрактури на коските и смрт. **Добрите практики** ќе спречат несакани последици и ќе имаат корист и за другите производствени аспекти (на пример, квалитетот на месото).



© Eyes on Animals

Рачно заловување – 'Што е добра практика?'

1. **Внимателно** фатете ги и носете ги птиците:
    1. Секогаш несилките држете ги под градите / стомакот
    2. Не ги заловувајте/ носите кокошките за вратот или крилата
    3. Бидете сигурни кога ќе ги заловите несилките да не се удрат од некој предмет, (на пр. поилка, преграда)
    4. Бидете сигурни кога ќе ги носите несилките да не мавтаат со крилјата.
2. Идеално фатете ги со една рака за **двете нозе**, а другата рака употребете ја да **ги подржите за градите**/ стомакот за да намалите превртување
3. **Максимално фатете 3 несилки** во исто време
4. Носете ги на **кратко растојание**. Донесете ги контејнерите што е можно поблиску до несилките







© Eyes on Animals

Уште подобро! Фатете ги несилките околу крилата и градите; максимално 2 птици истовремено.

PDF
ISBN
doi:
Publications Office

European Commission

Подготовки за заловување бројлери

Подготовка за превоз
'Што да се направи?'

✓ **72 часа пред заловувањето:** **обезбедете** го тимот за заловување и **дадете** им јасни **упатства** и инструкции

✓ **48 часа пред да се заловат:** **информирајте** го возачот за вкупниот број на животни и **нарачајте** доволно транспортни кафези / возила за сите птици, водете сметка на климатските услови

✓ **Не ги изгладнувајте бројлерите повеќе од 12 часа (вклучувајќи го и превозот), а не помалку од четири часа (пред поаѓање).**

Обезбедете вода до почетокот на заловување

Подготвени за заловување!

Одгледувач

Какао да ја проверам способноста за превоз?

Проверете ги птиците пред да дојде тимот за фаќање и возачот. Внимавајте на птици со скршени коски, сериозни тешкотии при одење или дишење или други клинички знаци (на пр. ослабени птици). **Не товарајте птици кои не се способни за превоз.** Без одлагање тие треба **хумано да се еутаназираат** од страна на обучено лице, Вие сте одговорни за овие постапки. Избегнувајте превоз на **влажни бројлери.**



©Wageningen Livestock Research

✓

Тим за заловување

Општи препораки за заловување

1. **Одгледувачот е одговорен** за заловувањето и треба да биде присутен за да ја надгледува постапката
2. Заловувањето треба да биде извршено од **искусен, добро обучен, добро опремен тим** и со доволно заловувачи. Дали сите заловувачи имаат сертификат за компетентност? Уште подобро!
3. Проверете дали **птиците се способни за превоз за време на заловувањето** и постапувајте соодветно!
4. Движете се **бавно** за да ја **намалите бучавата**; во јатото, заловувајте ги нежно
5. Не ги **преполнувајте транспортните кафези** и внимателно затворајте ги. Секогаш **проверувајте и ослободувајте ги заробените делови од телото**
6. Внимателно товарете ги птиците во **исправена положба.** Оние кои лежат на грб повторно исправете ги
7. Користите **разделувачи**? Исчистете ги пред и по заловувањето

✓ 'Кои се добри предуслови за заловување?'

1. *Спречете задушување на бројлерите*
2. *Донесете ги транспортните кафезите што е можно поблиску до птиците*
3. *Употребувајте сино светло и намалете ја бучавата*
4. *Одржувајте ја целата опрема и проверете ја пред товарење*
5. *Носете соодветна облека (на пр. темно обоени чисти комбинезони, хигиенски капчиња, чисти чизми)*
6. *Бидете сигурни дека вашите раце се чисти и дезинфицирани*
7. *За време на заловувањето секогаш проверувајте ја способноста за транспорт на птиците и постапете соодветно.*

Обучени заловувачи

Рачно заловување – ‘Што е добра пракса?’

1. Внимателно **заловување** и носење на птици:
    1. Секогаш држете ги бројлерите под градите / стомакот
    2. Не ги заловувате/носите птиците за вратот или крилата
    3. Бидете сигурни дека бројлерите нема да се удрат од некој предмет (пр. поилки, прегради)
    4. Бидете сигурни дека додека ги носите бројлерите нема да мавтаат со крилата.
2. Идеално, бројлерите треба да се фатат за **двете нозе**. Ако треба да се носат, **телото** треба да го **подржите**
3. Заловете максимално **3 бројлери (> 2 kg) во рака** или **5 бројлери (< 2 kg).** Употребете ја **другата рака** да ги држите за гради / стомак
4. Носете ги на кратко растојание. Донесете ги транспортните кафези што е можно поблиску до бројлерите





© GTC Agricultural

Механичко фаќање – ‘Што е добра пракса?’

1. "**Контролорот на машината за заловување**" постојано го проверува ременот и брзината на собирање за време на товарењето и го прилагодува, доколку е потребно
2. **Операторите** на контејнерот се **одговорни** за спречување на преполнување и затворање на касите / фиоките, покрај тежинскиот систем
3. **Тимот за заловување** треба внимателно да го собере јатото до машината за заловување





© GTC Agricultural

PDF
ISBN
doi:
Publications Office

European Commission

Товарење и потребен простор за коњи

Подготовка за товарење

1. Одберете **возило** соодветно на бројот, расата на коњите и времетраењето на патувањето
2. **Не скротени** коњи не треба да се превезуваат **на долги патувања**
3. Направете ***план за товарење***
4. Во случај на **тешко товарање**, групата за превоз од четири не скротени коњи
5. Освен ако тоа не предизвика дополнителен стрес кај коњите, треба да се држат и ракуваат **одвоено**:
   1. *Животни од различни видови или значајна разлика во големина и возраста*
   2. *Возрасни пастуви*
   3. *Сексуално зрели машки и женски*
   4. *Животни непријателски едни спрема други*
   5. *Врзани животни и одврзани животни*
6. **Заедно** можат да се превезуваат: социјализирани групи, кобилата со своето ждребе



Студено време: возете за време на најтоплите часови од денот со соодветен потребен простор

Жешко време: возете за време на најладните часови во денот со поголем потребен простор

Потребен простор

Вид на коњ	Мин. потребен простор	Мин. ширина x должина
Возрасен	1,75 m^2	(0,7 x 2,5 m)
Млад (6 – 24 месеци, < 48 часа)	1,2 m^2	(0,6 x 2 m)
Млад (6 – 24 месеци, > 48 часа)	2,4 m^2	(1,2 x 2 m)
Пони(< 144 cm)	1 m^2	(0,6 x 1,8 m)
Ждребе (0 – 6 months)	1,4 m^2	(1 x 1,4 m)

- На коњите овозможете им простор за да **избегнат** проблеми при рамнотежата или повреди за време на патувањето
- Големи, млади или 'широко-стоечки' коњи имаат потреба од поголем простор отколку другите коњи
- Жешко време или долг пат = обезбедете поголем простор

Обезбедете 10 – 20 cm помеѓу животното и преградите





©World Horse Welfare

- За најдобро држење на рамнотежа, превозувајте ги поставени дијагонално (задниот дел од коњот во правец на возење) со боксови 30-40 cm закосени
- Идеално, коњите да не се врзани. доколку се врзани, должината на јажето треба да им овозможи на коњите доволно да ги спуштат главите со цел да одржуваат рамнотежа и ги исчистат дишните патишта, но треба да бидат доволно кратки за да спречат да се заплеткаат предните нозе

Publications Office


Health and Food Safety

PDF
ISBN: 978-92-79-81101-2
doi: 10.2875/756313
EW-BK-18-004-EN-N

European Commission


Правилно ракување со коњите

Какво влијание имам на однесувањето на коњите ?



©Wageningen Livestock Research


- **Видното поле** кај коњите е различно отколку кај другите животни. На коњите им треба повеќе време да се адаптираат на промени на интензитетот на светлина и имаат слаба перцепција во далечина
- Коњите можат да гледаат околу нив (**'широк-агол'** на видно поле), но имаат и "слепи подрачја" директно напред и назад. Да се избегнуваат овие подрачја за да не се плашат коњите
- Секој коњ има сопствена **безбедносна зона**. Влегување во ова подрачје ќе предизвика животното да се заврти на спротива страна. Што е подолго времето поминато со коњот помала е **безбедносната зона** (на пр. ќе можете поблиску да се приближите на коњот пред тој да се заврти спротивно). Можете да предизвикате придвижување на коњот со влегување и излегување на работ од безбедносната зона.
- **Точката на рамнотежа** е рамото на коњот. Коњот ќе се придвижи нанапред доколку ракувачот со коњот застане зад точката на рамнотежа
- **Ракување со низок стрес** се базира на примена на принципите на безбедносна зона и точка на рамнотежа



Како да ги товараме коњите правилно?



©Steiner and Rony Lifestock srl



©World Horse Welfare

1. Подгответе ја **околината** за полесно товарење
2. Имајте **доволно време** за товарење. Брзањето предизвикува додатен стрес.
3. Товарењето да го врши добро обучен и компетентен **персонал.**
4. Избегнувајте влегување во **слепите точки** кога пристапувате на коњот.
5. Употребувајте ја **безбедносната зона на** животното да се движи напред или да застане
6. Употребувајте ја **точката на рамнотежа за** да го насочите правецот на движење
7. Придвижувајте го коњот од потемни кон **посветли подрачја** и избегнувајте светлосен контраст
8. На неискусните и нескротените коњи треба да им се посвети додатно внимание

Како да спречам борба во возилото ?


1. Храни ги и напој ги коњите индивидуално, обезбеди лесен пристап.
2. Боксови со издвојување на главите ќе спречат меѓусебно гризење
3. Никогаш не поставувај пастув директно до кобила

Како да ја проверам состојбата на коњот?

Знаци дека животното е здраво и способно за превоз

- ❑ Внимателност, реагира на својата околина
- ❑ Очите сјајни и бистри, ушите подвижни
- ❑ Подеднакво распоредена тежина на сите четири нозе кога животното стои или се движи
- ❑ Без знаци на повреда, болка, воспаление, потење итн
- ❑ Нормално дишење
- ❑ Добра телесна кондиција / тежина
- ❑ Сјајни влакна и еластична кожа
- ❑ Нормален апетит и пиење на вода
- ❑ Нормални измет и мочка во однос на боја состав и зачестеност

Коњите и магаријата можат да покажат различни знаци на добро или лошо здравје



Употребете го 'Практичниот Водич за проценка за состојба за превоз кај еквидите'



Што да направам со истоштени коњи?







1. **Провери** ги коњите при секое застанување за знаци на истоштеност.
2. Активирајте го **планот за итни мерки** веднаш и преземете соодветни постапки
3. **Внимавајте на** болни/повредени животни на местото на пристигнување/ на местата за пауза при патувањето
4. Болни/повредени животни кои можат да стојат на четири нозе извадете ги од возилото: одвоите ги во засебен бокс и побарајте **помош од ветеринар што е можно побрзо**
5. Болни/повредени животни кои не можат да стојат на четири нозе : веднаш побарајте **помош од ветеринар**

Publications Office

PDF
ISBN: 978-92-79-81123-4
doi: 10.2875/488418
EW-BK-18-006-EN-N

European Commission

Хранење и напојување на коњите

Хранење и напојување пред/за време на превоз

Водата и храната се од суштинско значење. Коњите треба да бидат добро напиени и добро нахранети пред патувањето. Ова ќе помогне да се спречат проблеми со здравјето и благосостојбата за време на превозот и сите негативни последици.





Запомнете

- Сите коњи имаат потреба за вода во сите **временски услови**, вклучувајќи многу ладно време
- Коњите кои се **дехидрирани** се **неспособни** за превоз, бидејќи никогаш не можат да го надминат дефицитот за време на превозот
- Превоз на коњи на долги патувања (особено во топли или влажни денови, коњи кои се со прекумерна тежина или во пренатрупани услови) може да предизвика дехидрираност

Запомнете, добро напиени и добро нахранети коњи ќе пристигнат на својата дестинација во подобра кондиција


Дехидрација – како и кога да спречам ?

Визуелна проверка

Внимавај на

- ❑ *Ретко или ненормално уринирање и / или дефекација*
- ❑ *Лижење, задишаност и не потење*
- ❑ *Ненормално однесување при пиење (на пр. не пие)*
- ❑ *Не реагира на околината*

Проверете при товарење и на секоја пауза!



Дехидрацијата може да доведе до **сериозни проблеми со здравјето и благосостојбата:**

- Коњите кои покажуваат знаци на дехидрација се **неспособни за патување** и не смеат да се товарат
- Ако здравјето на секој коњ дава причина за загриженост, мора да се бара **ветеринарен совет**

Пред превозот

1. Пред патување на коњите **ограничете им го пристапот** до опремата за исхрана и пиење кои ќе се користат при **превозот**
2. **Направете план** каде и кога ќе запрете за да ги нахранете и напоите животните.
3. **Опремете го** возилото со резервоар за вода (45 литри / коњ / 24 часа). Наполнете го резервоарот со чиста, свежа вода пред секоја фаза од патувањето
4. Обезбедете подот да **не биде лизгав** за цело време на патувањето. Обезбедете простирка која ќе ги впива мочката и изметот
5. Позиционирај ги уредите за пиење и хранење на начин на кој сите коњи можат **лесно да пристапат** до нив и да нема ризик од повреда
6. **Складирајте ја храната** во (затворен) чист, сув и обележан простор
7. Приспособете ја **опремата за хранење** според видот на храната. Редовно чисти и дезинфицирај ја целата опрема
8. Обезбедете сите животни да имаат **пристапат до вода**, без оглед дали се поединечно чувани или не





За време на транспорт





©World Horse Welfare

1. **Уште подобро! Сите коњи да имаат пристап до вода и храна во исто време, на секој 4,5 – 5 часа, најмалку 30 минути**
2. Не ги хранаете коњите подложни на кривење со концентрирана храна (која има висока содржина на скроб и / или шеќер)

После превозот

1. Веднаш обезбедете му на секој коњ **неограничен пристап** до чиста **вода**. Неограниченият пристап до вода не го зголемува ризикот од колика.
2. Испразнете ги и темелно исчистете ги сите контејнери за вода и опремата за хранење и наполнете ги со свежа вода и нова храна за следното животно



За повеќе информации, погледнете во 'Практичниот водич за напојување на коњи превезувани по пат'

Publications Office

PDF
ISBN: 978-92-79-81111-1
doi: 10.2875/48787
EW-BK-18-005-EN-N

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО
www.fva.gov.mk
Tel.: + 389 2 2457 895

European Commission

Печатењето на брошурата
е финансирано од:

AWF ANIMAL WELFARE FOUNDATION
www.animal-welfare-foundation.org
Basler Straße 115
DE-79115 Freiburg i. Br